| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | управна постапка во земјите од регионот“ | |
| | 11. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva, Ivana Shumanovska Spasovska | Zakon o općem upravnom postupku – osnova za promene u zakonu o upravnim sporovima | Udruženje pravnika Srbije, Pravni zivot, Casopis za pravnu teoriju I praksu br. 12/2017 | 2017 |
| | 12. | Ana Pavlovska Daneva, Elena Davitkovska | The Macedonian General Administrative Procedure Act: Between Tradition and Modernization | Hrvatska javna uprava vol. 2 year 17, Institute for Public Administration, Faculty of Law, University of Zagreb | 2017 |
| | 13. | | Закон за општата управна постапка | Службен весник на Република Македонија | бр.145/2015 |
| | 14. | | Закон за прекршоците | Службен весник на Република Македонија | бр.145/2015 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Управно судство** | | | |
| 2. | **Код** | 5080203 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Административно право и јавна администрација | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/VII | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Наставник** | Проф.д-р Борче Давитковски<br>Проф.д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф.д-р Ивана Шумановска-Спасовска |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Стекнати 240 кредити |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | |
| | Се изучува системот на судска контрола врз административнте акти. Станува збор за анализа, толкување и примена на законските одредби со кои се обезбедува судска заштита на правата и обврските на странките, кога се тие повредени со конкретни акти на администрацијата. Особено внимание се посветува на организацијата, функционирањето и овластувањата на Управниот суд и Вишиот управен суд во Република Макдонија . Преметот е од исклучителна важност за секој правник вработен во јавна администрација, а во чии надлежности влегува решавањето на управни постапки, а особено кога одлучуваат во втор степен (решавање по жалба), за адвокатите кои водат управни спорови и за правниците кои својата кариера ја гледаат во правосудството, пред се во управното судство.<br>Студентите се оспособуваат за изработка на правни лекови во управно судската постапка, како што се тужбата за покренување на управен спор и жалбата со која се оспоруваат одлуките на Управниот суд. Студентите се оспособуваат и за изработка на решенија и пресуди кои ги донесува Управниот суд при одлучување по тужбеното барање.<br>Студентите ќе се оспособат за правилна употреба (читање и толкување) на Законот за управни спорови и дел од материјалните прописи со кои се уредуваат правата и обврските на физичките и правните лица.<br>Предметот е особено значаен за адвокати, судии на Управен суд и Вишиот управен суд, за административните службеници, за правници вработени во регулаторни тела и во самостојни државни органи. | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Од содржинска гледна точка, оваа предметна програма на студентите ќе им го понуди целосно познавање на управниот спор, правилата за неговото водење, како и историски преглед на неговото настанување и развој во Република Македонија и во компаративното право. Тематски, низ поделбата на повеќе целини, студентите ќе го проучуваат на прво место предметот на управниот спор – законитоста на поединечните акти донесени во управна постапка или согласно словото на Законот за управните спорови:<br>- законитоста на поединечните акти на органите на државната управа, Владата и другите државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица;<br>- законитоста на поединечните акти донесени во изборна постапка и на поединечните акти на избори, именувања и разрешувања на носители на јавни функции ако тоа е определено со закон, како и за актите за именување, | |

| | | |
|---|---|---|
| | назначување и разрешување на раководни државни службеници, ако поинаку не е определено со закон;<br>Освен тоа, ќе биде појаснето дека во управните спорови се решава и за судир на надлежности помеѓу органите на Републиката, општините и градот Скопје, меѓу општините и градот Скопје, како и во другите спорови за надлежности опфатени во Законот за управните спорови, а воедно и по повод споровите од спроведувањето и извршувањето на одредбите на концесиските договир, договорите за јавни набавки кои се од јавен интерес и за секој друг договор во кој една од страните е државен орган, организација со јавни овластувања, јавно претпријатије, општина или градот Скопје – доколку таквиот договор е склучен од јавен интерес или заради вршење јавна служба (управни договори).<br>Ќе бидат изучувани и прашања кои се однесуваат на видовите управни спорови, странките во управно-судската постапка и овластувањата на судот. Предмет на изучување ќе биде и текот на управниот спор, односно неговото поведување (тужба), претходната и редовната постапка во управен спор, заедно со спорадичните прашања како времените мерки и слично. Меѓу другото, нужно ќе бидат обработени и правилата кои го уредуваат поништувањето на решение во управен спор како и видовите на одлуки кои судот ги донесува, како што се решенија и пресуди.<br>Откако ќе биде заокружена првостепената постапка во управниот спор, ќе се опфатат и редовните (жалба) односно вонредните правни средства (обнова на управно-судската постапка) како и овластаувањата на Вишиот управен суд кога одлучува по жалба против одлука на Управниот суд.<br>На крајот од курсот управниот спор ќе биде критички анализиран, со цел да бидат поттикнати размислувања за неговите перспективи. | |
| 12. | **Методи на учење:** | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања и вежби со предметен наставник и соработник. Студентите во текот на наставата и вежбите ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена од наставникот и соработникот. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла.<br>На студентите им се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и нивна сериозна партиципација при |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | За 15 недели 75 часа теоретска настава, 25 часа проектни задачи и 100 часа домашно учење | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 часа вкупно/5 часа неделно |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 часа вкупно/ 1,7часа неделно |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 часа вкпуно/ 6,7часа неделно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 80 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Успешно завршена проектна задача вреднувана со минимум 11 бода | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| 22. | Литература | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска - Данева | Административно право | Правен факултет, Скопје | 2011 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | Закон за управните спорови | Службен весник на Република Македонија | бр.62/2006, 150/2010 |
| | | 2. | | Одлука | Уставен суд | 13.02.2008 |
| | | 3. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Управниот спор во Република Македонија согласно Законот за управни спорови | Правен факултет „Јустинијан Први“, издание „Законска рамка на судската реформа во Република Македонија“ | 2006 |
| | | 4. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Новини во управно-правната заштита на правата на граѓаните во управната постапка и управниот спор | Здружение на правници на Република Македонија, часопис за теорија и практика на правото „Деловно право“ бр. 19 (2008) | 2009 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva | Realizing the Rights of Citizens through the Administrative Procedure and Administrative Dispute in the Republic of Macedonia | Hrvatska Javna Uprava no. 1, Institute for Public Administration, Faculty of Law, University of Zagreb | 2009 |
| | | 6. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva | The latest development in terms of the administrative dispute in Macedonia | Udruženje pravnika Srbije, Pravni život, Časopis za pravnu teoriji I praksu br. 10 tom II 2010 | 2010 |
| | | 7. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Двостепеност во управниот спор: уставно начело или одложување на управно-судската постапка | Здружение на правници на Република Македонија, часопис за теорија и практика на правото „Деловно право“ бр. 24 (2011) | 2011 |
| | | 8. | Borce Davitkovski | Administrative Judicial Protection in the Republic of Macedonia | Macedonian Academy of Sciences and Arts, Collection from Project Legal Protection of Human Rights in the Republic of Macedonia | 2014 |
| | | 9. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva, Ivana Shumanovska | Consistent Application of Article 6 of the European Convention on | Правен факултет „Јустинијан Први“, Iustinianus | 2015 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Spasovska | Human Rights in the Administrative Judicial Procedure in the Republic of Macedonia – Reality or Fiction | Primus Law Review no. 12, vol. VII – winter 2015 (http://law-review.mk/pdf/12/Borce%20Davitkovski,%20Ana%20Pavlovska%20Daneva,%20Ivana%20Shumanovska%20Spasovska.pdf); | |
| | 10. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева, Елена Давитковска, Ивана Шумановска-Спасовска | Заштита људских права и слобода загарантованих уставом у управно-судском процесу у Републици Македонији | Универзитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици, Правни факултет, Зборник радова „Људска права између идеала и изазова садашњости“ | 2016 |
| | 11. | Ана Павловска-Данева, Елена Давитковска | Управно-судска заштита во Република Македонија: помеѓу европските стандарди и реалноста | ЈУРИДИКА ПРИМА Скопје, Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото: Правната сигурност како основен фактор за владеењето на правото во современите | 2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | општества“ | |
| | 12. | Ана Павловска-Данева, Елена Давитковска | Осврт врз стратегијата за реформите во правосудниот систем | Здружение на правници на Република Македонија, часопис за теорија и практика на правото „Деловно право“ бр. 37 (2017) | 2017 |
| | 13. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva, Elena Davitkovska, Ivana Shumanovska Spasovska | Upravni sud – čuvar zakonitosti akata javne uprave i evropski standardi | Pravni fakultet za privredu i pravosuđe, XIV međunarodni naučni skup “Pravnički dani – Prof. Dr. Slavko Caric” | 2017 |
| | 14. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva, Ivana Shumanovska Spasovska | Zakon o općem upravnom postupku – osnova za promene u zakonu o upravnim sporovima | Udruženje pravnika Srbije, Pravni zivot, Casopis za pravnu teoriju I praksu br. 12/2017 | 2017 |
| | 15. | Жан Валин | Административно право (превод) | Арс Ламина ДОО | 2012 |
| | 16. | Мишел Верпо, Латиција Жанико | Јавно право: јавна власт и административно дејство (превод) | Арс Ламина ДОО | 2012 |
| | 17. | Драгаш Ђ. Денковиħ | Добра управа (избор текстова, редакција и предговор Ратко Марковиħ) | Правни факултет Београд | 2010 |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Службенички систем** |
| 2. | Код | 5080202 |